Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 24, 1 јули 2009 година

јули 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставници и соработници за наставно-научното подрачје електротехника на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на на еден наставник во звање доцент за наставно-уметничка област аранжирање, џез солфеж и џез ансамбл на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа финансии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ**
**ЗА НАСТАВНО-УМЕТНИЧКАТА ОБЛАСТ**
**АРАНЖИРАЊЕ, ЏЕЗ СОЛФЕЖ И ЏЕЗ АНСАМБЛ НА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ**
**„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност во Штип, на седницата одржана на 28.4.2009 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: вон. проф. Илија Пејовски (претседател), доц. м-р Георги Мицанов (член) и доц. м-р Александар Секуловски (член).

На Конкурсот, објавен во весникот „Дневник" на 2 мај 2009 година, за работно место наставник во звање доцент за наставно-уметничка област ***аранжирање, џез солфеж и џез ансамбл*** се пријави кандидатот Владимир Николов. Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на познавање на способностите на кандитатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатот **м-р Владимир Николов** (30) е роден во Скопје. Со музика започнува на 14-годишна возраст, како гитарист. По кратки подготовки запишува студии по класична гитара кај Вера Огризовиќ (Србија) и Пабло Барон (Шпанија), кои меѓу другото ги завршува со оригинална композиција за гитара. По заминувањето за Холандија во есента 2002 година, започнува студии по џез композиција и аранжирање со Јуре Ханстра, на Амстердамскиот конзерваториум. Дипломските и постдипломските студии ги завршува во рок од 7 семестри, со мошне успешен завршен концерт со Биг Бенд оркестар, како композитор, аранжер и диригент.

Како композитор/аранжер и водач на групи, соработува со врвни имиња, оркестри и ансамбли, меѓу кои и: Метропол оркестар, Милениум џез оркестар, Камерен оркестар Магого, Концертен Биг Бенд на Амстердамскиот конзерваториум, Попхорн Биг Бенд, Џезманиа Биг Бенд, Белградска филхармонија, Џез оркестар на Сардинија, Барга џез оркестар, Џез оркестарот на Концерт Гебау, Амстердамскиот квартет Саксофони. Меѓу позначајните музички имиња, соработувал со: Џон Клејтон, Ренди Брекер, Конрад Хервиг, Рони Кјубер, Џино Ванели, Енди Нарел, Сертаб Еренер, Тулу Тирпан, Слободан Тркуља, Хенк ван Твилерт и многу други.

Како гитарист, пијанист и композитор/аранжер учествува на многу работилници и курсеви, од кои позначајни се: Летната џез работилница со Мајкл Абени, Џастин Дичочо, курсот „Компонирање за филм" воден од Јуре Ханстра и Тон Виера, аранжерската работилница на Џим Мекнили, како и аранжерската работилница со Џон Клејтон и Метропол оркестарот во Холандија. Во Македонија, Владимир е веќе одамна постојан член на инструменталниот трио состав со композиторот Александар Пејовски и виолончелистот Драган Гоневски.

Неговите композиции и аранжмани освојуваат повеќе интернационални награди, меѓу кои две први награди за оригинални композиции за Биг Бенд оркестар („Лавиринт" - 2004 год. и „Помеѓу" - 2006 год.) и три први награди за омажи на големите џез-композитори Телониус Монк, Вејн Шортер и Дејвид Либман. Неговата оригинална музика често се изведува од светски реномирани ансамбли и музичари во САД, Италија, Холандија, Финска, Македонија и Србија.

Како учител (по солфеж, хармонија и аранжирање, џез ансамбли) работи вонредно на Амстердамскиот конзерваториум во Холандија. По враќањето во Македонија, веќе две години успешно ја извршува функцијата на предавач по аранжирање, џез солфеж и џез ансамбл на Факултетот за музичка уметност во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, кандидатот **м-р Владимир Николов** да го избере на работно место наставник во звање ***доцент*** за наставно-уметничка област ***аранжирање, џез солфеж и џез ансамбл***. М-р Владимир Николов е врвен музичар со докажана педагошка способност и неговиот ангажман ќе биде мошне значаен придонес кон квалитетот, структурата и иднината на Факултетот за музичка уметност.

**Рецензентска комисија**

**Вон. проф. Илија Пејовски, с.р.**

**Доц. м-р Георги Мицанов, с.р.**

**Доц. м-р Александар Секуловски, с.р.**

**ПРИЛОГ**
**Табела за вреднување на активностите на м-р Владимир Николов во реизборниот период 2009 година**

| **Вид на активност** | **Поени** | |
|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | во земјава | во странство |
| Интерна скрипта од предавања | 4 | |
| Интерна скрипта од вежби | 2 | |
| Воведување нов специјален (стручен) наставен предмет | 3 | |
| Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 12,5 | |
| Вкупно поени од наставно-образовна дејност | 22 | |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | |
| | во земјава | во странство |
| Музички настапи на официјални концерти (по покана од институција) | 8 | 15 |
| Концерти во земјава и во странство | 6,5 | 60 |
| Одбранета магистерска работа | | 4 |
| Трудови со оригинални уметнички резултати (објавени CD, DVD изданија) | | 10 |
| Учесник во научен проект (истражување) | | 3 |
| Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 |
| Награди-признанија за научни постигнувања, сценско-музички награди | | 110 |
| Студиски престој во странство | 8 | |
| Вкупно поени од научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | 226,5 | |
| | | |
| **Вкупно поени** | **248** | |